**Известување за концентрација со која РИДГ Холдинг С.Р.О. (RIDG HOLDING S.R.O.) со седиште на Будјејовица 1550/15а, Михле (Прага 4) 140 00 Прага, Република Чешка има намера да се стекне со единствена контрола врз ВИПАП Видем Кршко д.д., Словенија (VIPAP Videm Krško d.d., Slovenia) со седиште на Товарнишка 18, 8270 Кршко, Словенија (предмет бр. 08-75/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 28.08.2019 година по пошта е доставено до Комисијата за заштита на конкуренцијата известување за концентрација со која РИДГ Холдинг С.Р.О. (RIDG HOLDING S.R.O.) со седиште на Будјејовица 1550/15а, Михле (Прага 4) 140 00 Прага, Република Чешка има намера да се стекне со единствена контрола врз ВИПАП Видем Кршко д.д., Словенија (VIPAP Videm Krško d.d., Slovenia) со седиште на Товарнишка 18, 8270 Кршко, Словенија, преку купопродажба на акции.

РИДГ Холдинг е платформа за инвестиции – холдинг компанија со единствена цел за спроведување на предложената трансакција – која собира голем број инвеститори во различни својства – некои како инвеститори што контролираат, некои како инвеститори што не контролираат.

Групацијата на стекнувачот нема подружници или активности во Република Северна Македонија и нема остварено никаков приход.

ВИПАП Видем е производител на хартија за весници, обложена графичка хартија (списанија) и крафт хартија (за завиткување/пакување). Главната суровина што се користи е рециклирано влакно добиено од обновена хартија во процесот на отстранување на печатеното мастило (deinking), а неговите три машини за хартија произведуваат до 120.000 тони стандардни и унапредени весници и до 90.000 тони графичка и хартија за завиткување/пакување.

ВИПАП Видем нема подружници во Република Северна Македонија но има остварено приход од прекугранична продажба.

Според подносителот релевантниот пазар може да биде дефиниран како пазар за хартија за весници, пазар за хартија за списанија и пазар за крафт хартија. Релевантниот географски може да биде дефиниран како територијата на Република Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

04.09.2019 година
Скопје